РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1207/1
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1836/1 од 01.07.2025 година, со наводи за сомневање за примање на поткуп од страна на службените лица ------------ ------------------ и -------------- --------------- во постапка за легализација на дивоградба на правниот субјект ------------------ ---------- Скопје, во Општина -----------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување по пријавените дејствија.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи

Предметот со број 12-1836/1 од 01.07.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 01.07.2025 година, до ДКСК е доставена пријава од страна на непознат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за примање на поткуп од страна на службените лицата ------------ ------------------ и -------------- --------------- во постапка за легализација на дивоградба на правниот субјект ------------------ ---------- Скопје, во Општина -----------, во постапка за легализација на дивоградба, која се наоѓа на ул.------------------ бр.---, на КП број ---------- КО ----------, поведена по барање на правниот субјект „--------------" ----- Скопје.

Подносителот на пријавата се сомнева дека двете горенаведени лица примиле поткуп во износ од 2.750 евра поединечно, од правниот субјект „--------------" ----- Скопје, за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

легализација на дивоградба. Подносителот воедно бара информација за рушење на дивоградби на територијата на општината, изградени на КП ------------------------------------------------------------------, како и за КП -----------------------------------, сите во КО ----------, а за кои веќе биле поднесени пријави до надлежни органи.

По разгледувањето на содржината на пријавата, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување по пријавените наводи, поради тоа што друг орган е надлежен да постапува по истите, а предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk